# ПОЛУГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ

## Јануари – Јуни 2012 година

Потрошувачка на лекови на рецепт од Листата на лекови за примарна здравствена заштита

ФЗОМ

Скопје, септември 2012 година

## 1. Вовед

Согласно Законот за здравствено осигурување на Македонија во основни здравствени услуги кои ги обезбедува Фондот за здравствено осигурување на Македонија спаѓаат и лековите од Листата на лекови за примарна и болничка здравствена заштита. Лековите од Листата на лекови за примарна здравствена заштита кои се издаваат на рецепт за осигурениците се обезбедуваат преку ПЗУ аптеките со кои Фондот има склучено договор.

Аптеките кои имаат склучен договор со Фондот до надлежната Подрачна служба на Фондот месечно доставуваат фактури за издадените лекови на рецепт од Листата на лекови на товар на Фондот, во писмена и електронска форма, заедно со пропратна документација согласно Договорот и Техничкото упатство на Фондот за аптеките.

Податоците за бројот на издадени лекови од Листата на лекови кои паѓаат на товар на Фондот во примарна здравствена заштита се добиени од информатичкиот систем на Фондот.

Од месец мај 2012 година пуштен е во употреба нов унапреден модул за електронска контрола на податоците добиени од ПЗУ аптеките. Со тоа контролата и во овој дел значително е поедноставена и зајакната, со што се добива и на квалитетот на податоците, односно поточни и попрецизни податоци.

Процесот на анализи и контрола на податоците за потрошувачката на лековите на товар на ФЗОМ во примарна здравствена заштита кој интензивно започна во 2009 година, во следниот период продолжи со цел унапредување на системот на обезбедување лекови за сите осигуреници и почитување и спроведување на законските прописи и ефикасна алокација на финансиските ресурси.

## 2. Потрошувачка на лекови на рецепт

Во првата половина на 2012 обезбедувањето на осигурениците со лекови од Листата на лекови на товар на Фондот во примарна здравствена заштита се вршеше преку 743 аптеки во првиот и 730 во вториот квартал со кои Фондот има склучено Договор. За овој период вкупно се реализирани **8.729.021 рецепти** со вкупен износ од **995.000.541,17** денари.

Во Табелата 1 е даден бројот на издадени лекови и исплатени износи по подрачни служби на Фондот.

***Табела 1. Број на издадени лекови и исплатени износи по подрачни служби на Фондот во првата половина од 2012 година***

| Ред.бр | ФЗО – Подрачна служба | Број на рецепти | Вкупен износ (денари со 5% ДДВ) | Број на осигуреници | Број на рецепти/ осигуреник |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Берово | 125.972 | 10.840.153,60 | 14.911 | 8,45 |
| 2 | Битола | 561.829 | 55.912.708,11 | 91.370 | 6,15 |
| 3 | М. Брод | 27.176 | 2.530.596,84 | 7.160 | 3,80 |
| 4 | Валандово | 52.402 | 5.288.655,69 | 9.590 | 5,46 |
| 5 | Виница | 90.208 | 8.673.668,03 | 15.041 | 6,00 |
| 6 | Гевгелија | 194.961 | 19.401.669,17 | 29.506 | 6,61 |
| 7 | Гостивар | 268.433 | 34.428.535,61 | 75.596 | 3,55 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 8 | Дебар | 81.636 | 9.198.916,00 | 18.222 | 4,48 |
| 9 | Делчево | 143.875 | 13.611.215,89 | 19.829 | 7,26 |
| 10 | Демир Хисар | 44.428 | 3.917.218,09 | 7.049 | 6,30 |
| 11 | Кавадарци | 221.167 | 27.088.153,97 | 38.578 | 5,73 |
| 12 | Кичево | 232.343 | 23.916.263,11 | 38.164 | 6,09 |
| 13 | Кочани | 237.558 | 24.056.333,77 | 38.048 | 6,24 |
| 14 | Кратово | 41.806 | 4.307.047,74 | 7.062 | 5,92 |
| 15 | Крива Паланка | 94.142 | 10.538.905,39 | 18.097 | 5,20 |
| 16 | Крушево | 24.955 | 2.948.299,23 | 8.237 | 3,03 |
| 17 | Куманово | 503.680 | 61.914.679,46 | 109.351 | 4,61 |
| 18 | Неготино | 125.980 | 11.043.913,15 | 18.662 | 6,75 |
| 19 | Охрид | 289.999 | 35.121.672,84 | 53.607 | 5,41 |
| 20 | Прилеп | 457.153 | 50.317.663,02 | 81.950 | 5,58 |
| 21 | Пробиштип | 77.969 | 7.590.781,85 | 12.185 | 6,40 |
| 22 | Радовиш | 120.910 | 12.628.495,38 | 25.806 | 4,69 |
| 23 | Ресен | 99.814 | 10.631.364,39 | 14.014 | 7,12 |
| 24 | Св. Николе | 62.352 | 7.526.797,92 | 16.569 | 3,76 |
| 25 | Скопје | 2.694.512 | 336.322.599,91 | 592.203 | 4,55 |
| 26 | Струга | 229.341 | 26.934.980,47 | 47.342 | 4,84 |
| 27 | Струмица | 458.624 | 47.923.432,55 | 79.970 | 5,73 |
| 28 | Тетово | 532.538 | 63.936.250,58 | 146.503 | 3,63 |
| 29 | Велес | 353.158 | 36.329.615,99 | 54.837 | 6,44 |
| 30 | Штип | 280.100 | 30.119.953,42 | 51.441 | 5,45 |
| | **Вкупно** | **8.729.021** | **995.000.541,17** | **1.740.900** | |

Од Табелата 1 се забележува дека најголема потрошувачка по осигуреник има во ПС Берово со околу 8 рецепти по осигуреник, а најмала во ПС Крушево со 3 рецепти по осигуреник.

Во Табелата 2 е дадена потрошувачката на лекови по АТК групи за периодот јануари-јуни 2012 во споредба со истиот период од 2011 година.

***Табела 2. Потрошувачка на лекови по АТК групи за период јануари-јуни 2012 во споредба со истиот период 2011 година.***

| | | **2011** | | **2012** | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Ред. бр.** | **АТК група на лекови** | **Број на рецепти** | **Вкупен износ (денари со 5% ДДВ)** | **Број на рецепти** | **Вкупен износ (денари со 5% ДДВ)** |
| 1 | **A Лекови со дејство на дигестивниот тракт и метаболизмот** | 988.778 | 85.665.529,61 | 1.069.593 | 88.411.958 |
| 2 | **B Лекови кои делуваат на крвта и крвотворните органи** | 80.655 | 7.711.595,76 | 88.956 | 8.068.021 |
| 3 | **C Лекови кои делуваат на срце и крвни садови** | 3.374.446 | 240.930.528,79 | 3.664.329 | 260.228.322 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 4 | D<br>Дерматолошки лекови | 83.085 | 9.198.975,90 | 93.803 | 10.496.562 |
| 5 | G<br>Лекови кои делуваат на генитоуринарен тракт и полови<br>хормони | 238.029 | 77.006.151,70 | 251.525 | 63.318.238 |
| 6 | H<br>Лекови со дејство на жлездите со внатрешно лачење со<br>исклучок на полови хормони и инсулин | 109.837 | 15.597.533,87 | 113.917 | 13.580.093 |
| 7 | J<br>Антиинфективни лекови за системска употреба | 1.094.347 | 200.564.138,33 | 1.027.835 | 187.531.278 |
| 8 | L<br>Антинеопластични и имуномодулаторни лекови | 25.868 | 23.015.923,73 | 26.085 | 16.345.132 |
| 9 | M<br>Лекови со дејство на коскено мускулен систем | 466.963 | 41.910.414,07 | 478.093 | 44.836.697 |
| 10 | N<br>Лекови со дејство на централен нервен систем | 1.209.005 | 140.467.921,82 | 1.322.523 | 163.076.791 |
| 11 | P<br>Лекови за лекување на инфекции предизвикани со паразити | 14.805 | 1.291.182,85 | 14.345 | 1.190.468 |
| 12 | R<br>Лекови за третман на болести на респираторен систем | 406.320 | 110.281.847,27 | 434.293 | 114.068.521 |
| 13 | S<br>Лекови кои делуваат на сензорни органи | 133.125 | 22.425.651,36 | 143.724 | 23.848.461 |
| | Вкупно | 8.225.263 | 976.067.395,06 | 8.729.021 | 995.000.542 |

Од податоците во Табелата 2 се забележува дека во првата половина на 2012 година има пораст од околу 6% во потрошувачката на лекови според бројот на реализирани рецепти, во однос на истиот период од 2011 година, додека вкупниот износ издвоен за овие лекови е зголемен за околу 2%.

Причина за ова е втората ревизија на референтните цени на лековите од примарната позитивна листа во 2011 година, кои стапија на сила од 01.10.2011 година. Ефект на зголемената потрошувачка на лековите има и распределбата на финансиските средства (квотите) на аптеките со кои Фондот има склучен догоговор.

***Табела 3. Процент на варијација на потрошувачката на лекови за период јануари-јуни 2011/2012 година***

| АТК група на лекови | Разлики во бројот на реализирани рецепти (%) | Разлики во бројот на вкупните редства за лекови во ПЗЗ (%) |
|---|---|---|
| A<br>Лекови со дејство на дигестивниот тракт и метаболизмот | 8,17 | 3,21 |
| B<br>Лекови кои делуваат на крвта и крвотворните органи | 10,29 | 4,62 |

| | | |
|---|---|---|
| **C**<br>**Лекови кои делуваат на срце и крвни садови** | 8,59 | 8,01 |
| **D**<br>**Дерматолошки лекови** | 12,90 | 14,11 |
| **G**<br>**Лекови кои делуваат на генитоуринарен тракт и полови хормони** | 5,67 | **-17,78** |
| **H**<br>**екови со дејство на жлездите со внатрешно лачење Со исклучок на полови хормони и инсулин** | 3,71 | **-12,93** |
| **J**<br>**Антиинфективни лекови за системска употреба** | **-6,08** | **-6,50** |
| **L**<br>**Антинеопластични и имуномодулаторни лекови** | 0,84 | **-28,98** |
| **M**<br>**Лекови со дејство на коскено мускулен систем** | 2,38 | 6,98 |
| **N**<br>**Лекови со дејство на централен нервен систем** | 9,39 | 16,10 |
| **P**<br>**Лекови за лекување на инфекции предизвикани со паразити** | **-3,11** | **-7,80** |
| **R**<br>**Лекови за третман на болести на респираторен систем** | 6,88 | 3,43 |
| **S**<br>**Лекови кои делуваат на сензорни органи** | 7,96 | 6,34 |

Според Табелата 2 и Табелата 3 се забележува пораст на бројот на реализирани рецепти кај речиси сите АТК групи на лекови, а најголем пораст од околу 13% се забележува кај лековите од групата D-дерматолошки лекови.

Намалување на потрошувачката, според бројот на реализирани рецепти од околу 6% за прв пат се забележува кај лековите од групата J- антиинфективни лекови за системска употреба (антибиотици).

Намалување од околу 3% има и кај лековите од групата P - лекови за лекување на инфекции предизвикани со паразити.

Особено карактеристично е тоа што кај лековите од групата L- антинеопластични и имуномодулаторни лекови, се забележува намалување на вкупниот издвоен износ за околу 28%, а истовремено има зголемување за околу 1% на бројот на реализирани рецепти. Ова се должи на намалувањето на референтните цени на лековите, а особено намалувањето на референтната цена за лекот со генерика Mycophenolic acid таблети 250 мг и 500 мг, каде од 01.03.2011, заради регистрирањето на нов готов лек од оваа генерика, согласно Правилникот за начинот и методологијата за утврдување на референтни цени на лекови (Сл.весник 158/2009 и 138/2010), извршена е нова пресметка на референтни цени за оваа генерика, со што извршено е намалување на цената за околу 56% и овој лек повторно е обезбеден за осигурениците без доплата.

Потрошувачката на лековите изразена во број на рецепти и вкупни износи за периодот јануари – јуни 2011 и споредба со истиот период во 2012 година се прикажани во Графиконот 1 и Графиконот 2.

***Графикон 1. Потрошувачка на лекови по АТК групи за период јануари-јуни 2012 во споредба со истиот период  2011 година***




Во последните четири години, од 2008 до 2012 година,  најголемиот број на реализирани рецепти се однесуваат на лекови за кардиоваскуларниот систем. Оваа група на лекови бележат и поголемо учество во вкупно издадените лекови, и тоа зголемување од околу 38% во 2008 година на 41% во 2010 година и 2011, додека за првата половина на 2012 година овој процент се зголемува на 42 %.

Втори по бројот на реализирани рецепти се лековите со дејство на централниот нервен систем кои исто така, имаат значаен пораст во структурата на вкупно издадените лекови на рецепт од 13% во 2008 година на 15% во 2010 година и 2011 година, а истиот процент се задржува и во првата половина на 2012.

На трето место според потрошувачката на лекови за период од јануари до јуни 2012 година, се лековите од групата А- лекови со дејство на дигестивниот тракт и метаболизмот. За разлика од 2011 година, како и во однос на претходните години, кога лековите од групата Ј- антиинфективни лекови за системска употреба беа на трето место според бројот на издадени лекови на рецепт, во првата половина на 2012 година учеството на овие лекови во вкупниот бројот на рецепти е намален за околу 1,5% во однос на истиот период 2011 година, со што овие лекови се на четврто место според бројот на издадени лекови.

***Графикон 2. Вкупен износ издвоен за лекови на рецепт по АТК групи за период јануари-јуни 2012 во споредба со истиот период  2011 година***




Процентот на учество на финансиските средства издвоени за лековите од АТК групата С, лековите за кардиоваскуларниот систем, изнесува 26% од вкупниот износ издвоен за лекови на рецепт, што претставува пораст од 2% во однос на истиот период 2011 година.

На второ место по средствата издвоени за лекови на рецепт се лековите од групата Ј, односно групата на антиинфективни лекови за системска употреба. Процентот на учество на средствата издвоени за група Ј, во вкупните средства издвоени за лекови изнесува околу 18%, што е за 2% помалку во однос на првата половина од 2011 година.

Најкористен лек во првата половина на 2012 година е лекот со генеричко име „enalapril“ со вкупно 832.023 реализирани рецепти, што е за околу 8% зголемување во однос на истиот период минатата година. Овој лек спаѓа во групата кардиолошки лекови кои делуваат на ренин-ангиотензин системот.

***Графикон 3.Топ 10-најкористени лекови во првата половина на 2012 година***




***Табела 4. Топ 10- најкористени лекови во првата половина на 2012 година***

| | АТК 5 | Генеричко име на лекот INN | Број на рецепти за период од јануари до јуни 2012 година |
|---|---|---|---|
| 1 | **C09AA02** | Enalapril | 832.023 |
| 2 | **C04AD03** | Pentoxifylline | 447.235 |
| 3 | **N05BA01** | Diazepam | 433.330 |
| 4 | **C09AA03** | Lisinopril | 409.581 |
| 5 | **M01AB05** | Diclofenac | 285.356 |
| 6 | **A10BA02** | Metformin | 261.799 |
| 7 | **C10AA05** | Atorvastatin | 256.277 |
| 8 | **J01CR02** | Amoxicillin +clavulanic acid | 254.588 |
| 9 | **A02BA02** | Ranitidine | 254.075 |
| 10 | **N05BA12** | Alprazolam | 226.482 |

Во табелата 5 се прикажани лековите од Листата на лекови кои се на товар на ФЗОМ кои се првите дваесет лекови по потрошувачката на ниво на Република Мајкедоија, прикажани по ранг за секоја Подрачна служба на ФЗОМ поединечно.

Доколку се анализира секоја подрачна служба на Фондот поединечно во однос на првите десет најпотрошувани лекови според бројот на реализирани рецепти, се забележува дека во секоја Подрачна служба на ФЗОМ првите 10 најпотрошувани лекови се различни и не се потполно идентични со првите 10 најпотрошувани лекови на ниво на Република Македонија. Ова може да укажува на пропишувањето на лековите од избраните лекари, нивните замени или лекарите од дежурните служби, како и на структурата на населението во определена ФЗО подрачна служба.

*Табела 5. Топ 20 – ранг на најпотрошувани лекови по ФЗО Подрачни служби, прва половина на 2012 година*

| ФЗО Подрачна Служба | Enalapril | Alprazolam | Lisinopril | Diclofenac | Metformin | Diazepam | ntoxifylline | torvastatin | mlodipine | Amoxicillin +clavulanic acid | Glibenclamide | Amoxicillin | Cefalexin | Bisoprolol | Verapamil | Hydrochlorothiazide | Ranitidine | nsoprazole | omazepam | Diltiazem |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Берово | 1 | | 5 | 6 | 9 | 2 | 3 | | | | 8 | | | | | 7 | 4 | | | |
| Битола | 1 | | 6 | 7 | 8 | 2 | 3 | 10 | | | | | | | 9 | | 5 | | 4 | |
| М. Брод | 1 | 7 | 3 | 5 | 6 | 4 | 2 | | | | 8 | 10 | 9 | | | | | | | |
| Валандово | 1 | | 3 | 5 | 9 | 2 | 4 | | 8 | | | | | 6 | 7 | 10 | | | | |
| Виница | 1 | | 3 | 5 | 7 | 2 | 6 | | | 10 | 8 | | | | | 4 | 9 | | | |
| Гевгелија | 1 | 5 | 6 | 4 | | 3 | 2 | | | | | | | 10 | | | 7 | | | |
| Гостивар | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 | | | | | | | | | | |
| Дебар | 1 | 6 | | 2 | 3 | 5 | 4 | 8 | 7 | | | | | | | 9 | | 10 | | |
| Делчево | 1 | 7 | 6 | 3 | 5 | 2 | 4 | | | 9 | | | | | | | 8 | | | 10 |
| Демир Хисар | 1 | | 7 | 6 | 9 | 2 | 5 | | | | | | 10 | | 8 | | 3 | | 4 | |
| Кавадарци | 1 | | 2 | 5 | | 7 | 3 | 10 | 9 | 6 | | | | | | 8 | | | | |
| Кичево | 1 | 4 | 8 | 6 | 5 | 3 | 2 | | | | 9 | | | | | | 7 | | | |
| Кочани | 2 | 8 | 1 | 7 | 5 | 3 | 4 | 10 | | | | | | | | 6 | 9 | | | |
| Кратово | 3 | | 1 | 7 | 8 | 2 | 4 | | | | | | 10 | | | 5 | 6 | | 9 | |
| Крива Паланка | 1 | | 3 | 7 | 5 | 6 | 2 | | 10 | 9 | | | | 4 | | 8 | | | | |
| Крушево | 1 | | 7 | 5 | 4 | | 2 | | | 9 | 8 | | | 6 | 10 | | 3 | | | |
| Куманово | 1 | 6 | 3 | 2 | 8 | 7 | 4 | 9 | | 5 | | | | | | | 10 | | | |
| Неготино | 1 | 7 | 2 | 6 | 10 | 3 | 4 | | | | | | | | | 5 | 8 | | 9 | |
| Охрид | 1 | | 6 | | 5 | 3 | 2 | 4 | | 8 | | | | 7 | | 9 | 10 | | | |
| Прилеп | 1 | 10 | 8 | 6 | | 3 | 2 | | | 7 | | | | | | 9 | 5 | | 4 | |
| Пробиштип | 1 | | 3 | 5 | | 2 | 6 | | | 9 | 10 | | 8 | | | | 4 | | 7 | |
| Радовиш | 1 | 10 | 4 | 3 | 9 | 2 | 5 | 8 | | 7 | | | | | | | 6 | | | |
| Ресен | 1 | | 5 | 7 | 6 | 3 | 2 | 9 | | | 8 | | | | | 10 | 4 | | | |
| Св.Николе | 1 | | 4 | 2 | 8 | | 3 | 10 | | 9 | 7 | | | 6 | | | 5 | | | |
| Скопје | 1 | | 3 | 10 | 7 | 4 | 2 | 5 | 9 | 6 | | | | 8 | | | | | | |
| Струга | 1 | | 10 | 3 | 6 | 4 | 9 | 5 | | 7 | | | | 8 | | | 2 | | | |
| Струмица | 1 | 7 | 3 | 4 | 8 | 2 | 6 | | | 10 | | | | | | | 5 | | 9 | |
| Тетово | 1 | | 7 | 3 | 8 | 4 | 2 | 6 | | 5 | | | | 9 | | | 10 | | | |
| Велес | 1 | 10 | 4 | 6 | | 2 | 3 | | | | 7 | | | | | | 5 | | 9 | |
| Штип | 1 | | 3 | 5 | | 2 | 7 | 10 | | 9 | | | | 8 | | | 4 | | 6 | |

На прво место според потрошувачката во сите подрачни служби на Фондот со исклучок на ПС Кратово и ПС Кочани е лекот „enalapril“. Но, доколку се анализира потрошувачката на овој лек според методата по ДДД (дневно дефинирани дози на лек)/осигуреник/ден се покажуваат големи варијации помеѓу подрачните служби.

Најголема потрошувачка на лекот „enalapril“ по ДДД(дневно дефинирани дози)/осигуреник/ден се забележува во ПС Берово со 0,1873 ДДД/осигуреник/ден, додека најмала во ПС Гостивар со 0,0372 ДДД/осигуреник/ден.

***Графикон 4. Топ 10 - најкористени лекови по ФЗО подрачни служби во првата половина на 2012 година (ДДД/осигуреник/ден)***




***Графикон 5. Лекови за кои е издвоен најголем износ на средства за период јануари-јуни 2012 година***




| Ред. бр | АТК 5 | Генеричко име на лекот -INN | Вкупен износ (денари со 5%ДДВ) |
|---|---|---|---|
| 1 | C10AA05 | Atorvastatin | 60.391.250,03 |
| 2 | J01CR02 | Amoxicillin +clavulanic acid | 41.705.637,61 |
| 3 | J01DD08 | Cefixime | 41.313.981,06 |
| 4 | C04AD03 | Pentoxifylline | 36.045.241,37 |
| 5 | R03BA05 | Fluticasone | 31.412.181,16 |
| 6 | C09AA02 | Enalapril | 24.952.316,65 |
| 7 | C09CA01 | Losartan | 23.905.402,30 |
| 8 | R03AK06 | Salmeterol, fluticasone | 23.720.234,31 |
| 9 | G04CA02 | Tamsulosin | 23.213.336,41 |
| 10 | A10BA02 | Metformin | 20.918.086,92 |

***Табела 6. Топ 10- најкористени лекови во првата половина на 2012 година по вкупен износ***

Лек за кој што ФЗОМ во првата половина на 2012 година издвоил најголем износ на финаниски средства е лекот со генеричко име „atorvastatin“ за кој се издвоени вкупно околу 60 милиони денари, што претставува 6% од вкупниот износ издвоен за лекови, со пораст од околу 1 % во однос на истиот период од 2011 година. Овој лек спаѓа во групата на лекови кои го намалуваат нивото на серумски липиди (хиполипемици).

## 3. Потрошувачка на скапи лекови во примарна здравствена заштита

Во 2010 година донесена е Одлука за утврдување на скапи лекови од Листата на лекови кои паѓаат на товар на ФЗОМ, што се издаваат на рецепт во примарна здравствена заштита (ПЗЗ). Со склучување на договорите за 2010/2011 година со ПЗУ аптеките, се овозможи тие лекови да бидат фактурирани надвор од определениот месечен износ на ПЗУ аптеките (квотите), со што во интерес и на осигурениците и на аптеките се овозможи непречено снабдување на осигурениците со овие лекови. Здравствените установи-аптеките за рецептите за лековите опфатени со Одлука за утврдување на скапи лекови за секое осигурено лице треба секој месец да приложуваат копија од медицинската документација(извештај од специјалист/субспецијалист,односно клинички конзилиум, во зависност од режимот на пропишување предвиден во Листата на лекови кои паѓаат на товар на Фондот).

Во 2011 година, донесена е нова Одлука за утврдување на скапи лекови со важност од 11.2011 година со која се проширува групата на скапи лекови со уште 3 нови генерики (lamivudine,clodronic acid и tacrolimus).

Во првата половина на 2012 за овие лекови издвоени се вкупно 24.764.275,00 денари. Вкупниот број на реализирани рецепти за лековите опфатени со Одлуката за утврдување на скапи лекови од Листата на лекови кои паѓаат на товар на ФЗОМ за периодот јануари-јуни 2012 изнесува 8.921 рецепт.

Во однос на периодот јануари - јуни 2011 се забележува незначителен пораст во бројот на реализирани рецепти за лековите опфартени со оваа Одлука, но истовремено и намалување на вкупниот износ за околу 35%. Причина е намалувањето на референтните цени на лековите, а особено како што е и претходно наведено намалувањето на референтната цена на лекот Mycophenolic acid таблети 250mg и 500mg за околу 56%, намалувањето на референтната цена на лекот Cyproterone таблети 50 mg за околу 25% и на лекот Ribavirin таблети 200 mg за околу 55%, кои лекови се опфатени со оваа Одлука за скапи лекови. Во Табелата 7 е даден преглед на издадените лекови кои се опфатени со Одлуката за утврдување на скапи лекови од Листата на лекови кои паѓаат на товар на ФЗОМ.

Потрошувачката за овие лекови е пресметана во вкупниот износ за лекови на рецепт во првата половина од 2012 година, дадени во точка 2 од овој извештај.

***Табела 7. Потрошувачка на скапи лекови за периодот јануари - јуни 2012***

| Ред.бр. | АТК | Генеричко име – INN | Број на рецепти Јануари-јуни 2011 | Вкупен износ (денари со 5%ДДВ) 2011 | Број на рецепти Јануари-јуни 2012 | Вкупен износ (денари со 5%ДДВ) 2012 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | J05AB04 | Ribavirin | 331 | 13.728.162 | 296 | 5.817.144,17 |
| 2 | L04AA01 | Ciclosporine | 1.745 | 2.855.574 | 1.829 | 2.992.175,34 |
| 3 | M05BA02 | Clodronic acid | | | 148 | 1.130.425,49 |
| 4 | G03HA01 | Cyproterone | 3.559 | 8.228.812 | 4.046 | 5.752.199,57 |
| 5 | H01BA02 | Desmopressin | 196 | 453.989 | 279 | 632.772,08 |
| 6 | J05AF05 | Lamivudine | | | 434 | 1.323.845,53 |
| 7 | L04AA06 | Mycophenolic acid | 1981 | 13.590.823 | 1.862 | 6.860.293,20 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **8** | **L04AA05** | Tacrolimus | | | 27 | 255.420,00 |
| | | **Вкупно:** | **7812** | **38.857.360** | **8.921** | **24.764.275** |

## 4. Потрошувачка на лекови за осигуреници со трансплантирани органи

Согласно Програмата за партиципација при користење на здравствена заштита на одделни заболувања на граѓаните и здравствена заштита на родилките и доенчињата во РМ за 2012 година, средствата за партиципација на осигурените лица со трансплантирани органи за набавка на лековите: Mycophenolic acid таблети 180 mg, 250mg, 360mg и 500mg како и Ciclosporin таблети 25mg, 50mg, 100mg и раствор 100mg/ml, треба да се обезбедуваат преку Буџетот на Република Македонија преку Министерството за здравство на РМ.

Во првата половина на 2012 година за горенаведените лекови обезбедени за осигурени лица со трансплантирани органи, пресметаните средства за партиципација се во износ од 860.770,00 денари (Табела 8).

Потрошувачката за овие лекови е пресметана во вкупниот износ за лекови на рецепт во првата половина од 2012 година, дадени во точка 2 од овој извештај.

***Табела 8. Потрошувачка на лекови за лица ослободени од партиципација по основ дијагноза трансплантација на органи (МКБ-10, дијагноза Z94) според Програма на Влада на РМ***

| АТК | Генеричко име на лекот INN | Број на рецепти 2011 | Вкупен износ (денари со 5% ДДВ) 2011 | Пресметана артиципација 2011 | Број на рецепти 2012 | Вкупен износ (денари со 5% ДДВ) 2012 | Пресметана Партиципација 2012 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **L04AA01** | Ciclosporin | 1.334 | 1.924.265 | 235.650 | 1.536 | 2.301.289,20 | 307.090,00 |
| **L04AA06** | Mycophenolic acid | 1.741 | 12.125.632 | 889.200 | 1.796 | 6.647.587,20 | 553.680,00 |
| | **Вкупно** | **3.075** | **14.049.897** | **1.124.850** | **3.332** | **8.948.876,40** | **860.770,00** |

Изготвиле: Марија Јаневска
Соња Златановска

Контролирал: Кристина Христова